Граѓанските организации во служба на **локалната демократија**

lokalnademokratija.mk

**Европска асоцијација за локална демократија**
**- АЛДА Скопје**
бул. Партизански одреди, 43/5, Скопје
Е-пошта: aldaskopje@aldaintranet.org
Телефон: + 389 (0)2 2 6091 060

Скопје, 6 јуни 2019 година

**Премдет: Покана за форумот „Партнерството е клучно за локалната демократија**: Нови начини на соработка помеѓу локалните власти и граѓанскиот сектор", 11-12 јуни 2019 година во Скопје

Почитувани,

Европска асоцијација за локална демократија – АЛДА Скопје со задоволство ве поканува на Форумот **„Партнерството е клучно за локалната демократија**: Нови начини на соработка помеѓу локалните власти и граѓанскиот сектор", кој ќе се одвива на 11 и 12 јуни 2019 година во хотел „Бест Вестерн" во Скопје.

На овој меѓународен настан ќе учествуваат 60 учесници претставници на локалните власти, граѓанскиот сектор и меѓународни организации од Балканот и ЕУ. Форумот ќе им даде на учесниците можност да разменат меѓусебно добри практики, искуства и да дискутираат за нови начини на соработка помеѓу локалните власти и граѓанскиот сектор.

Би ни претставувало особена чест доколку прифатите да присуствувате на нашиот настан.

За учесниците кои доаѓаат надвор од Скопје, патните трошоци во износ на повратна автобуска карта и преноќувањето на 11 јуни во хотел „Бест Вестерн" се покриени од страна на организаторите. Ве молиме да го потврдите вашето присуство на следниот ЛИНК до понеделник 10 јуни 2019 во 12ч.

Форумот е организиран во рамки на проектот „Граѓанските организации во служба на локалната демократија" поддржан од Европска Унија и Централно-европската иницијатива (ЦЕИ).

Во прилог на поканата ви ја испраќаме и агендата на Форумот.

Со почит,

Европска асоцијација за локална демократија - АЛДА Скопје